ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/I, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 03805760;
PBZ IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zmurh.hr@gmail.com ; zmurh@zmurh.hr

Урброј: ЗМ – 50 – 1/2026
Загреб, 09. 05. 2026.

# З А П И С Н И К

од **5. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **09.05.2026 година** со почеток во **13.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Борис Трајановски – Осиек, Цветко Поповски – Загреб, Марта Жаја – Сплит, Мирјана Мајиќ – Задар, Елизабета Петровска – Загреб и Милена Златеска – Пула.

**Гости:** Цветан Танасковски, потпретседател на МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 4. седница на УО на ЗМРХ;
2. „Financijski godišnji izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2025. godine (Obrazac FG-25)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije – Совет за националните малцинства на РХ;
3. Годишен финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2025. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Усвојување на Записникот од пописната комисија за имотната состојба на ЗМРХ за 2025 година и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Информација за Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ за распоредот на средствата обезбедени од Државниот буџет на РХ за финансиска потпора на програмите на ЗМРХ и друштвата за 2026 година;
6. Усвојување на кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.03.2026. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
7. Договор околу реализацијата на програмите во 2026 година и усвојување на донесените одлуки;
8. Договор за Финансиски план и План и програма на работа за 2027 година од ЗМРХ и друштвата за Јавниот повик за предлагање програми за 2027 година од Советот за националните малцинства на РХ и усвојување на донесените одлуки;

9. Донесување на одлука за датумот и местото на одржување на Редовното собрание на ЗМРХ, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
10. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записникот од 4. седница на УО на ЗМРХ (прилог).

**Ад. 2.** За финансискиот годишен извештај на ЗМРХ „Financijski godišnji izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2025. godine (Obrazac FG-25)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije за Советот за националните малцинства на РХ (прилог), Петровска рече дека е предаден преку интернетската апликација, а потпишаните и заверени со печат потврди се уредно и навремено доставени. Уредно се изработени и спецификациите на индиректни и директни трошоци за периодите од 01.10.-31.12.2025 и од 01.01.-31.12.2025 година (прилог). Се апелираше до друштвата извештаите да ги изработуваат и предаваат до 20. датум во месецот. По оваа точка немаше дискусија, па членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се прифаќа и се дава на усвојување на Собранието на ЗМРХ „Financijski godišnji izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2025. godine (Obrazac FG-25)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije за Советот за националните малцинства на РХ.

**Ад. 3.** Годишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2025. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), е исто така, уредно изработен за потребите на ЗМРХ. Затворен е и Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2025 година (прилог), а тоа треба да го сторат и друштвата. Изработен е и годишниот информатор на ЗМРХ за 2025 година, како и информаторите на друштвата. По оваа точка немаше дискусија, па членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се прифаќа и се дава на усвојување на Собранието на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2025. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 4.** Пописот на имотната состојба на ЗМРХ беше спроведен на 30.12.2025 година од страна на пописната комисија (Гордица Михајловска, Милица Алиќ и Олга Чичек), а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог). Се дадоа на увид и прилозите од записникот за имотната состојба на ЗМРХ. По оваа точка немаше дискусија, па членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- По предлогот на пописната комисија, се извршува отпис и расход на дел од имотот на ЗМРХ кој не е веќе за употреба и е уништен (прилог бр. 4.);
- Се усвојува записникот од состанокот на пописната комисија на ЗМРХ.

**Ад. 5.** Врзано за оваа точка, претседателот Христодулов ги информираше членовите на УО на ЗМРХ за Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ за распоредот на средствата обезбедени од Државниот буџет на РХ за финансиска потпора на програмите на ЗМРХ за 2026 година, донесена на 113. седница на Советот, што се одржа на 6 февруари 2026 година (прилог). На ЗМРХ и друштвата годинава се одобрени средства во

вкупен износ од 270.650,00 евра, што е зголемување за 27.250,00 евра или околу 11,2% повеќе во однос на минатата година. Потпишаниот и заверен Договор со Советот за националните малцинства на РХ и ЗМРХ, како и Изјавата за партнерство за 2026 година се уредно и навремено доставени до Советот, заедно со две бланко задолжници исполнети на вкупно 300.000,00 евра. Потпишани се и Договорите со друштвата и ЗМРХ за заедничко кофинансирање. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО на ЗМРХ. Петровска кусо информираше за работата по Критериумите и Упатствата од Советот, па апелираше друштвата да се придржуваат кон нив и да контактираат за сите нејаснотии што ќе се појават во работата. Се информираше и дека манифестацијата „Културно творештво на националните малцинства во Република Хрватска", што ја организира Советот за националните малцинства на РХ, ќе се одржи на 17 октомври 2026 година во Концертната сала „Ватрослав Лисински" во Загреб, а ЗМРХ ќе ја претставува МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула. Претседателот Христодулов уште еднаш изрази голема благодарност до Владата на РХ, до Советот за националните малцинства на РХ и до сите останати институции кои финансиски ги поддржуваат програмите на ЗМРХ и на друштвата. По дискусијата, членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ја усвоија** информацијата за Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ за распоредот на средствата обезбедени од Државниот буџет на РХ за финансиска потпора на програмите на ЗМРХ и друштвата за 2026 година.

**Ад. 6.** За кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.03.2026. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен за потребите на ЗМРХ. Речено е дека годинава немаше потпишување на Преддоговор, туку во февруари веднаш се потпиша Договорот со Советот за националните малцинства на РХ за кофинансирање на програмите, и беа уплатени првите трансфери на средствата наместо досегашните аконтации. Претседателот Христодулов апелираше до друштвата добиените средства да се користат наменски, економично и коректно. Во врска со Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2026 година (прилог), Петровска рече дека е дополнет со познатите податоци по Одлуката на Советот (разликата на планираното и одобреното е 5,12%), а останатите ставки ќе се дополнуваат по приходите и расходите до крајот на годината, кога ќе се знае дали е потребно да се направи ребаланс на истиот. Петровска рече дека е изработена и спецификацијата на индиректни и директни трошоци за периодот од 01.01.-31.03.2026 година. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО на ЗМРХ. По дискусијата, членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.03.2026. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 7.** По оваа точка се расправаше за овогодишните програми на ЗМРХ. Беше нагласено да се поведе сметка патните налози и конзумацијата за храна и пијалак за манифестациите да се сведат на минимум. По дискусијата, членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Културната манифестација „Илинден 1903-2026" со МКД „Илинден" од Риека ќе се реализира во „Голубињак", Горски Котар, на 1 август; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Илинден" од Риека; Друштвата партиципираат со 20% од цената за превозот; Манифестацијата ќе опфати настап на пејачка и фолклорна група, како и музичка програма на „Балканика бенд" од Крањ, а заеднички ручек е

традиционален војнички грав; По повод јубилејот, 35 години од формирањето на ЗМРХ, ќе се даде барање за високо покровителство на манифестацијата; За оваа манифестација аплицирана е проектна пријава и до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на РМ (прилог);

- Културната манифестација – изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска" со МКД „Билјана" од Задар ќе се реализира во Задар на 29 јуни; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Билјана" од Задар; Изложбата фотографии на Гордана Кваjо од Риека ќе биде во Градската библиотека Задар и ќе трае до 11 јули;
- Културната манифестација „Денови на глаголицата" со МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула ќе се реализира во Истра на 3 октомври; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула; Манифестацијата ќе опфати студиско патување со автобус по патот и Алејата на глалолашите;
- Културната манифестација „29. Денови на браќата Миладиновци" со МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек ќе се реализира во Осиек и Ѓаково на 10 октомври; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек; По повод јубилејот, 165 години од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци, манифестацијата ќе биде заедничка со Град Ѓаково и со манифестацијата посветена на Ј. Ј. Штросмаер;
- Културната манифестација „Рацинов ден – Бели мугри" со МКД „Охридски бисер" од Загреб ќе се реализира во Самобор на 28 ноември; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Охридски бисер" од Загреб; Манифестацијата ќе опфати полагање венци на бистата на Кочо Рацин и културна програма во Самоборскиот музеј по повод 87 години од издавањето на стихозбирката „Бели мугри";
- Културната манифестација „35. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј" со МКД „Македонија" од Сплит ќе се реализира во Сплит на 23 мај; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Македонија" од Сплит; Манифестацијата ќе опфати свечена академија во салата на Семениште на Сплитско-макарската надбискупија, по повод јубилејот, 35 години од формирањето на МКД од Сплит;
- Културната манифестација „Ден на ЗМРХ" со сите МКД-а ќе се реализира во Риека на 14 ноември; Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а; Друштвата партиципираат со 20% од цената за превозот; Манифестацијата ќе опфати концерт со настап на секциите на сите МКД-а во Хрватскиот културен дом на Сушак; По повод јубилејот, 35 години од формирањето на ЗМРХ, ќе се даде барање за високо покровителство на манифестацијата; За оваа манифестација аплицирана е проектна пријава и до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на РМ (прилог);
- Трибината „Хрватско-македонски културни врски" со сите МКД-а ќе се реализира во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула во текот на годината; Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а;
- „Македонски глас", 6 броја, А4, 40 страници, тираж 800 примероци, сè во боја, ќе се реализира во текот на годината;
- Книгата „Македонија – Ослободувања" од Драгољуб Сиљаноски, ќе се реализира во текот на годината;
- Книгата „Живот во капка роса" од Милена Златеска, ќе се реализира во текот на годината.

Дополнително, останува реализацијата на 2 проекта финансирани преку Министерството за наука, образование и млади на РХ: „Летно училиште по македонски јазик – модел Ц 2025/2026" во Селце, хостел Карловац, од 12 до 18 јули, и „Македонскиот јазик е нашиот идентитет – со љубов за браќата Миладиновци", од 1 мај до 30 јуни, поетски конкурс за

ученици кои учат Македонски јазик и култура по моделот Ц во РХ и патување на првонаградените во 3 категории на Струшките вечери на поезија во Струга (прилог).
Во врска со Летното училиште, Борис Трајановски изрази незадоволство со одбраниот датум за реализација на истото, зашто учениците од Осиек се спречени да одат поради други веќе однапред организирани летни активности, па замоли идната година повеќе да се внимава на тоа за да можат да бидат опфатени сите ученици подеднакво. Претседателот Христодулов нагласи дека термини имаше неколку и дека одлуката за овој термин беше донесена поради тоа што беше најприфатлив. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО на ЗМРХ. Заклучокот од расправата беше дека е тоа така зашто и понатаму постои неслога меѓу учителките кои никако не можат да се договорат и да одберат термин и локација која на сите ќе им одговара, па ова може да им биде поука за идната година.

**Ад. 8.** Врзано за оваа точка, се рече дека Јавниот повик за предлагање програми за 2027 година од Советот за националните малцинства на РХ ќе се објави заедно со Упатствата во октомври. Според податоците на пријавените програми за 2026 година од ЗМРХ и друштвата, ќе се подготви Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2027 година, кој ќе се даде на усвојување на Редовното собрание на ЗМРХ, како и Планот и програмата за работа на ЗМРХ за 2027 година. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО.
Се даде предлог-пријава за културни манифестации за 2027 година на ниво на ЗМРХ до Советот за националните малцинства на РХ:

- „Илинден 1903-2027“ во организација со МКД „Илинден“ на 31 јули во Горски Котар;
- Изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ во организација со МКД „Билјана“ во јуни во Задар;
- „Денови на глаголицата“ во организација со МКД „Св. Кирил и Методиј“ во мај во Истра;
- „30. Денови на браќата Миладиновци“, во организација со МКД „Браќа Миладиновци“ во септември во Осиек и Ѓаково (јубилеј);
- „Рацинов ден – Бели мугри“ во организација со МКД „Охридски бисер“ на 27 ноември во Самобор;
- „36. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ во организација со МКД „Македонија“ во мај во Сплит;
- „Ден на ЗМРХ“ во организација на ЗМРХ – ќе се договори дополнително до јуни;
- Трибина „Хрватско-македонски културни врски“ во организација на ЗМРХ во текот на годината во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула.

Предлог-пријава за информирање за 2027 година на ниво на ЗМРХ до Советот за националните малцинства на РХ:

- „Македонски глас“, 6 броја, А4, 40 страници, тираж 800 примероци, сè во боја.

Предлог-пријава за издаваштво за 2027 година на ниво на ЗМРХ до Советот за националните малцинства на РХ:

- Книга „Македонско оро“, роман од Габриела Давидовска Баниќ (прилог).

Доколку ќе има од друштвата други предлог-пријави за издаваштво за 2027 година на ниво на ЗМРХ до Советот за националните малцинства на РХ, да се извести дополнително до јуни. Книгите треба да бидат комплетно подготвени во ПДФ формат.
Што се однесува до останатите проекти, за 2027 година во планот ќе се внесе и Летното училиште по македонски јазик за аплицирање на Јавниот повик од МЗОМ на РХ. Останатите проекти врзани за учителките и учениците кои учат Македонски јазик и култура по моделот Ц во РХ ќе се пријавуваат преку друштвата, а деталите ќе се договараат на следниот УО на ЗМРХ, кој проект кое друштво ќе го аплицира.

За јубилеите на друштвата што ги имаат се даде предлог истите да ја осмислат содржината на програмата и да ја аплицираат заедно со своите останати програми до Советот за националните малцинства на РХ како предлог-пријава за 2027 година.

**Ад. 9.** Оваа година ќе се одржи Редовно собрание на ЗМРХ. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Седницата на Редовното собрание на ЗМРХ да се одржи на 18 јули во Загреб;
- Сите друштва навремено да достават до ЗМРХ список на свои 3 (три) именувани делегати за Собранието;
- Да се исплатат патните трошоци за делегатите на Собранието (ќе се признава 3 делегати од еден град со еден автомобил за 0,27 €/км или поединечно потврда од автобус или воз, 2 класа и дневница), со тоа да секој индивидуално си обезбеди храна и пијалак.

**Ад. 10.** Под точката разно, се дискутираше за неколку теми. Претседателот Христодулов даде предлог дека согласно со растечката инфлација, овогодишното зголемување на средствата и големиот обем на работните задачи кои ги извршува секретарката на ЗМРХ, Елизабета Петровска, треба да ѝ се зголеми платата за околу 10%, што наиде на одобрување кај присутните. Донесена е и одлука на МКД „Илинден“ од Риека, за разрешување на досегашниот дописник и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас“, Гордана Квајо од Риека и именување на нов, Христина Грозданоска (прилог). Борис Трајановски, како македонски претставник од ЗМРХ за хрватскиот дел на Меѓувладиниот мешовит одбор за спроведување на Спогодбата помеѓу Хрватска и Македонија за заштита на правата на хрватското малцинство во РМ и македонското малцинство во РХ (ММО), информираше за одржаната 7. седница во Скопје во организација на Средишната државна канцеларија за Хрвати надвор од Хрватска. Претседателот Христодулов информираше за предаденото барање за дарување на недвижност – просторот на седиштето на ЗМРХ кој е во сопственишство на Република Хрватска, до Министерството за просторно уредување, градителство и државен имот на РХ и за одржаниот состанок на таа тема со државната секретарка при Министерството, Сања Бошњак, а на иницијатива на собранискиот застапник Армин Хоџиќ (прилог). Се информираше и за потпишаниот Договор за обезбедување услуги за медиумско следење и објавување на активностите и настаните на ЗМРХ и друштвата во вкупен износ од 2.000,00 евра од средствата добиени за „Македонски глас“ со порталот „Националне мањине.хр“, односно со водителката на порталот, Славица Шаровиќ (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- На секретарката на ЗМРХ, Елизабета Петровска, почнувајќи од 01.05.2026 година, и се одобрува зголемување на платата за околу 10%, односно во износ од 1.350,00 евра нето месечно, заедно со сите други обврски према Законот и со паричниот додаток за месечна карта за јавен градски превоз (ЗЕТ+ХЖ);
- Се даруваат 200 примероци од најновата книга „Песна низ вековите“ на авторот Милена Златеска; се даруваат по 10 примероци на друштвата; донаторскиот износ на книгата е 40,00 €;
- Се разрешува Гордана Квајо од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас“ како досегашен дописник од Риека;
- Се именува Христина Грозданоска за член на Редакцијата на списанието „Македонски глас“ и за дописник од Риека од број 160.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.45** часот.

Записничар:
Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов